Врз основа на член 19, согласно член 34 од Статутот на Стопанската комора на Македонија, Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија, на седницата одржана на 19.02.2009 година, донесе

# ОДЛУКА
## за формирање Клуб на фирми при Стопанската комора на Македонија за соработка со Франција и франкофонските земји

Член 1

Во рамките на Стопанската комора на Македонија се формира Клуб на фирми за соработка со Франција и франкофонските земји (во натамошниот текст: Клуб) со цел обновување и унапредување на стопанските односи со Франција и франкофонските земји, поттикнување на инвестициите и извозот и лобирање во земјите на кои се однесува оваа Одлука.

Член 2

Во Клубот членуваат членовите на Комората кои имаат интерес да ја стимулираат соработката со Франција и франкофонските земји, преку информирање, контакти со странски партнери и одредување на општи ставови по проблеми и прашања од взаемен интерес.

Член 3

За остварување на целите утврдени во чл. 1 и чл. 2 од оваа Одлука, членовите на Клубот плаќаат годишна членарина за Клубот.

Висината на членарината, начинот и роковите на нејзиното плаќање, како и намените и условите за користење на средствата ги утврдуваат самите членови на Клубот.

Член 4

Оперативните дејности на Клубот се во надлежност на координатор определен од претседателот на Клубот по претходна консултација со претседателот на Стопанската комора на Македонија.

Член 5

Организацијата и начинот на работење на Клубот се уредува со Правилник во согласност со одредбите на Статутот на Стопанската комора на Македонија.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.08-371/4
19.02.2009 год.
С к о п ј е

Претседател,
Бранко Азески

СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
1